USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

ИСИЕ
ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА
INSTITUTE FOR STRATEGIC RESEARCH AND EDUCATION

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ГРАЃАНИТЕ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНА НА СОСТОЈБА ЗА ОТПОРНОСТ ОД ИЗБОРНА КОРУПЦИЈА ПОМЕЃУ СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА



WWW. ISIE.ORG.MK

ЗНАЕЊЕ ПРЕКУ АКЦИЈА

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНА НА СОСТОЈБА ЗА ОТПОРНОСТ ОД ИЗБОРНА КОРУПЦИЈА ПОМЕЃУ СТУДЕНТСКАТА ПОПУЛАЦИЈА

**Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ**

**За издавачот:** д-р Мишо Докмановиќ

**Автор:** д-р Дарко Спасевски

**Лектура:** м-р Лилјана Јовановска

**Печати:** Стоби Трејд ДООЕЛ Кочани

**Извештајот е подготвен од Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД), а во партнерство со МЦМС. Содржината и мислењата изразени во овој извештај им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на МЦМС, УСАИД или на Владата на САД.**

# ВОВЕД

Борбата против корупцијата во Република Северна Македонија (МК) е изразен предизвик подолг временски период. Истражувањето на Транспаренси Интернешнл (Transparency International) за 2023 година ја рангираше Северна Македонија на 76 место од вкупно 180 места (рангирани земји во светот).[1] Неповолната позиција во борбата со корупцијата е нагласена и во Извештајот за напредокот на Европската комисија за 2023 година (North Macedonia 2023 Report[2]) каде се забележува ниска подготвеност во овој сегмент на борба против корупцијата, при што се истакнува отсуство на каков било напредок во споредба со претходната година.

Последното истражување на ИСИЕ објавено во јуни 2023 година, покажа дека дури 20 % од анкетираните студенти во МК сметаат дека корупцијата е екстремно или многу раширена[3]. Според

[1] Рангирањето е достапно на линкот https://www.transparency.org/en/countries/north-macedonia

[2] “North Macedonia 2023 Report”, European Commission, достапно на https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/files/2023-11/SWD_2023_693%20North%20Macedonia%20report.pdf.

[3] Розарта Додај, Милош Хрњаз, Ивана Шумановска Спасовска „Студија за перцепцијата на корупцијата во високото образование во Албанија, Северна Македонија и Србија“, ИСИЕ, https://corruptionfreeuni.com/wp-content/uploads/2024/01/ISIE-Study-on-Corruption-PRevention-MK.pdf.

истражувањата на Транспаренси Интернешнл, изборната корупција претставува еден од клучните фактори кои може да влијаат на интегритетот на изборите[4]. Исто така, во таа насока, UNODC South Eastern Europe on Corruption јасно потенцира дека изборната корупција претставува поткопување на демократијата, коешто може да доведе и до политичка нестабилност.[5]

Со оглед дека во периодот на спроведување на овој проект (2024 година) се одржаа парламентарните и претседателските избори, вреди да се нагласи дека во Преодниот извештај (20 март – 4 април 2024 година) на Канцеларијата на ОБСЕ – Мисија за набљудување на изборите не се забележани модалитети на притисок и изборна корупција насочена кон студентите.

За да се идентификуваат потенцијалните ранливи точки за изборна корупција насочена кон студентите, треба да се имаат предвид генералните трендови на високото образование во земјава. Во согласност со податоците на Државниот завод за статистика, во Република Северна Македонија, во академската 2023/2024 година се запишале вкупно 52 316 студенти во сите студиски години. Најголем број студенти и тоа 40 695 студенти што претставува 77,9 % се запишале на државните високообразовни установи, додека 22,1 % се запишале на приватните високообразовни установи. Одделно анализирано на јавните универзитети се евидентирани следните бројки:

[4] “Introduction to electoral corruption”, Transparency International, достапно на https://knowledgehub.transparency.org/guide/topic-guide-on-electoral-corruption/5189.
[5] “UNODC South Eastern Europe on Corruption”, UNDOC, достапно на https://www.unodc.org/southeasterneurope/en/Corruption.html.

[6] https://www.osce.org/files/f/documents/5/3/566407.pdf
[7] https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/2.1.24.27_mk.pdf

- На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје се запишани вкупно 20 892 студенти;
- На Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола се запишани 3 114 студенти;
- На Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се запишани 6 385 студенти;
- На Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ – Охрид се запишани 314 студенти;
- На Универзитетот во Тетово се запишани 7 785 студенти и
- На Универзитетот „Мајка Тереза“ се запишани 1 833 студенти.

На сите приватни високообразовни установи во сите студиски години во учебната 2023/2024 година се запишани вкупно 11 298 студенти.

Во практиката се забележува отсуството на подетални извештаи и анализи за изложеноста на изборна корупција на студентите која може да биде изразена преку остварување на правото на организирано сместување на студентите во државните студентски домови, остварување на правото на студентите во студентските стипендии, правото на студентска работа и студентска пракса, правото на студентско организирање, привилегии во рамките на високообразовниот процес, итн. Поради тоа овој извештај цели да ги анализира состојбите во овие сегменти, а особено во однос на поставеноста на надлежните институции и нивната улога која е детерминирана во согласност со нивните надлежности од соодветниот материјален законски пропис, притоа имајќи ги предвид на

значајните точки на изложеност на студентите на изборна корупција. Дополнително, со оглед дека проектот започна да се реализира и во времето на одржувањето на парламентарните избори 2024 година, при изработката на овој извештај беа опфатени и изборните програми на политичките партии.

При изработката на овој извештај беше спроведена и анкета спроведена во периодот јуни – јули 2024 година, во електронска и печатена форма, на која одговорија вкупно 218 испитаници. Форматот на анкетата беше прилагоден на кратката временска рамка на спроведување на проектот, а добиените одговори се од индикативна природа.

Со оглед дека овој извештај претходи на следната проектна публикација „Водич за заштита од изборна корупција на студентската популација“, посебните процедури за заштита на правата на студентите пред релевантните институции се вклучени во Водичот. Од тие причини, Извештајот и Водичот треба да се третираат како две комплементарни публикации.

**Овој извештај е изработен во рамки на проектот „Акција за спречување на изборна корупција кон студентите“ кој се спроведува во рамките на програмата „Граѓаните против корупцијата“ (ГПК) финансирана од Владата на Соединетите Американски Држави преку Американската агенција за меѓународен развој – УСАИД.**

# Остварување на правата при изложеност на изборна корупција во согласност со Закон за заштита на укажувачите

Законот за заштита на укажувачи[8] (во понатамошниот текст: ЗЗУ) генерално третира и овозможува пријавување на корупција, односно казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување[9]. Со оглед на таквата поставеност во системот на овој пропис, може да се огледа и неговата корист и улога во остварувањето на заштитата на студентите кои се изложени на изборна корупција.

За да може студент да се јави како укажувач во согласност со овој закон, потребно е истиот да се идентификува, односно потпадне под дефиницијата и критериумите за укажувач уредени во членот 2, став 2 и 3 од ЗЗУ. Укажувач во смисла на ЗЗУ е лице од категориите утврдени со ставот (3) на законот. Имено, како категории лица кои може да се јават како укажувачи се идентификуваат следните: 1) лице кое има засновано работен однос на неопределено или определено време во институцијата, односно правното лице за каде пријавува; 2) кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во институцијата, односно правното лице за каде пријавува; 3) лице кое е или било волонтер или практикант во институцијата, односно правното лице за каде пријавува; 4) лице кое по кој било основ е или

[8] Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 196/15 dhe 35/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 257/20.
[9] Neni 2 (1) i PPE.

било ангажирано за извршување на работа од институцијата, односно правното лице за каде пријавува; 5) лице кое по кој било основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со институцијата, односно правното лице за каде пријавува; и 6) лице кое користи или користело услуги во институцијата, односно правното лице во јавниот и приватниот сектор за каде пријавува. Секој студент кој врз основа на наведената одредба има воспоставено правна врска со институцијата, може да се јави во својство на укажувач.

Во ставот 4 од членот 2 на ЗЗУ се уредени и утврдени институциите кои може да бидат предмет на пријавување и тоа: орган на државната и локалната власт, друг државен орган основан во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, агенција, фонд, јавна установа или јавно претпријатие основано од Република Северна Македонија или од општина, градот Скопје, и општина во градот Скопје, како и друга институција регистрирана како правно лице со доминантна или целосна сопственост на државата. Во таа смисла, сите институции поврзани и учесници во високообразовниот процес, како што се високообразовните установи, студентските домови, Министерството за образование и наука, може да бидат институции кои може да примат и постапат по пријава на студент кој е изложен на изборна корупција.

ЗЗУ во членот 3, предвидува три вида заштитено пријавување и тоа:

**1)** заштитено внатрешно пријавување кое се врши во институцијата, односно правното лице, за каде има сомневање или сознание дека е извршено, се врши или ќе се изврши казниво

[10] Me nocionin person juridik në kuptim të këtij ligji, nënkuptohet person juridik i regjistruar në regjistrin tregtar ose regjistrin e personave të tjerë juridik të cilin e mban Regjistri qendror i Republikës së Maqedonisë së Veriut, i cili nuk është mbuluar në nocionin institucioni në paragrafin (4) neni 2 të LMD.

дело, или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес,

**2)** заштитено надворешно пријавување кое се врши со пријавување до одреден број институции и тоа Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата, Народниот правобранител на Република Македонија или други надлежни институции, односно правни лица или

**3)** заштитено јавно пријавување кое се врши со правење на јавно достапни информации (најчесто преку медиумите) во ситуации кога не може да се достави пријава преку заштитено внатрешно или надворешно пријавување или во основа институциите не постапиле навремено или несоодветно според сметањето на укажувачот.

[11] Заштитеното надворешно пријавување се врши во ситуациите кога: заштитеното внатрешно пријавување е непосредно или посредно насочено против раководното лице во институцијата, односно правното лице каде пријавува или укажувачот не добие навремени информации за своето заштитено внатрешно пријавување кое го направил претходно, а во законски предвидениот рок, или не се преземени мерки или укажувачот не е задоволен од постапувањето или се сомнева дека нема да се преземат мерки или дека заштитеното внатрешно пријавување ќе предизвика штетни последици по него или по негово блиско лице.

Пријавувањето може да биде и анонимно. ЗЗУ во членот 8 обезбедува заштита од каков било вид повреда на право, при утврдување одговорност, санкција, престанок на работен однос, суспензија на работно место, распоредување на друго работно место кое е понеповолно, дискриминација или штетно дејствие или опасност од настапување на штетни дејствија заради извршеното заштитено внатрешно и надворешно пријавување или заштитено јавно пријавување. Дополнително, во согласност со членот 10 од Законот за заштита на укажувачите, укажувачот има право и на судска заштита.

# Поставеност на високообразовните установи при изложеност на студентите на изборна корупција

Основа на правната рамка со која се уредува високото образование е Законот за високото образование (во понатамошниот текст: ЗВО).[12] ЗВО уредувајќи го детално и од сите аспекти високообразовниот процес, има посебно значење за оваа анализа. Тоа произлегува од фактот дека голем дел од правата на студентите се уредени со овој закон.

Овој закон, поаѓа од уставно загарантираната автономија на универзитетите и на другите високообразовни установи, што подразбира академска слобода, самостојно одлучување и управување и неповредливост на универзитетскиот простор.[13] Во согласност со член 3 ст. 1 од Законот, дејноста на високото образование е од јавен интерес и има посебно значење за Република Северна Македонија како дел од меѓународниот и од единствениот европски образовен, научен и уметнички простор. Законот во членот 13 ст. 2 вклучува забрана за партиско организирање и дејствување како и истакнување на партиски обележја на високообразовната установа.

Во поглед на правата и обврските на студентите, тие својата основа ја наоѓаат во членот 27 од ЗВО кој врши уредување токму на ова прашање. Во контекст на оваа анализа, на ситуации  каде потен-

[12] „Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21 и 58/24.
[13] Член 2(1) од ЗВО.

цијалните финансиски погодности (привилегии) може да се искористат за да послужат за изборна корупција, може да се истакне ставот (6) од членот 27 од Законот. Имено во согласност со оваа одредба, Владата на Република Северна Македонија може да донесе одлука за посебни погодности за студентите, како што се студентска картичка за попусти, бесплатен градски превоз и друго, при што средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Правата и интересите на студентите ги застапуваат и помагаат во нивното остварување студентските организации и студентскиот правобранител. Во согласност со членот 31 ст. 1 од ЗВО, заради заштита на правата на студентите на секој универзитет се избира студентски правобранител, од редот на редовните студенти на универзитетот. Покрај студентски правобранител на ниво на Универзитет, се избира и заменик студентски правобранител на ниво на единица (факултет). Па така, во согласност со членот 31 ст. 3 од Законот, на секоја единица на Универзитетот, се избира заменик студентски правобранител, кој го избира факултетското студентско собрание по претходно објавен конкурс, од редот на редовните студенти. Надлежностите на студентскиот правобранител се уредени во членот 32 од Законот.

Во согласност со Законот, (член 33 ст. 1), студентските собранија се тела на високообразовните установи, во кои членуваат прет-

ставници на студентите. Високообразовните установи се должни на студентските собранија, на студентскиот правобранител и на заменикот студентски правобранител да им обезбедат простории за работа и да им пружат административно-техничка помош. Високообразовните установи се должни, според своите можности, да ги поддржуваат студентските собранија кои се организирани во нивните рамки.

Членот 34 од ЗВО го уредува финансирањето на студентското собрание, преку средства од високообразовната установа, легати, подароци, завештанија, прилози и други извори при што високообразовните установи се должни да им овозможат на студентските собранија автономно располагање со средства за нивната работа во согласност со Законот и општите акти на високообразовните установи. Во таа смисла, оваа ситуација како и секоја слична каде се располага со финансиски средства може да содржи одреден степен на ризик за потенцијално користење на финансиските средства, за изборна корупција.

Надлежностите на универзитетското студентско собрание се уредени во членот 36, а надлежностите на факултетското студентско собрание се уредени во членот 37 од Законот.

Во согласност со членот 39 од Законот, студентите активно учествуваат во управувањето на високообразовната установа, преку претставници кои ги избираат во: 1) универзитетското студентско собрание, факултетското студентско собрание и студентското собрание на високата стручна школа, 2) органите на високообразовните установи и 3) преку формите на самоорганизирање или на друг начин според условите утврдени со закон и статутот на високообразовната установа.

Во поглед на пријавувањето на корупција и механизмите за пријавување на корупција, покрај низата на постојни механизми за пријавување на корупција кои се користат во Република Северна Македонија, Законот за високото образование предвидува во членот 107 и назначување на посебно овластено лице за прием на пријави на корупција. Имено, во согласност со оваа одредба, заради поефикасно спречување и заштита од корупција, универзитетскиот Сенат од редот на редовните професори на универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција.

# Изложеност на изборна корупција во согласност со Изборникот законик

Изборниот законик[14] го уредува начинот, условите и постапката за избор на претседател на државата, за избор на пратеници во Собранието на државата, за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, за избор на градоначалник на општина и градоначалник на градот Скопје како и начинот и постапката на евидентирање на избирачкото право, водење на Избирачкиот список, определување на границите на изборните единици и утврдувањето, менувањето и објавувањето на избирачките места, како и условите за функционирање на избирачките места.

Изборниот законик во членот 2 став (1) точка 2) содржи дефиниција на поимот „изборниот процес“, кој се дефинира како процес кој трае од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот.

[14] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08,148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14,30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17,35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24.

Клучните одредби кои се однесуваат на превенцијата на изборна корупција и злоупотребите во изборниот процес се одредбите од членовите, 8-а, 8-б и 8-в од Изборниот законик. Па така, во членот 8-а 1) се предвидуваат низа на ограничувања во поглед на располагањето и користењето на средствата од буџетот во изборниот процес. Имено, во согласност со оваа одредба, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател, пратеници во Собранието, и изборот на Владата, во согласност со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори, па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се започне изградба со средства од Буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности, училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од Буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,

- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите едногодишни транс-

фери и исплати или – на јавни фондови ниту да се отуѓува државен капитал ниту да се потпишуваат колективни договори, и

- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Како посебно ограничување е одредбата од членот 8-а (2), која предвидува дека во периодот од 20 дена пред започнувањето на изборната кампања, па до завршувањето на изборот на претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија, во согласност со резултатите од изборите и до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се одржуваат јавни настани по повод започнувањето на изградба или пуштање во употреба на објекти со средства од Буџетот или од јавни фондови, или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти. Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју

на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање.

Посебна обврска за јавно објавување на буџетски исплати освен редовни тековни трошоци (плати, пензии и комунални трошоци) на интернет-страниците на Министерството за финансии е предвидена во членот 8-а (3) од Изборниот законик.

Понатаму, членот 8-б од Изборниот законик содржи забрана за користење на државни ресурси за цели и за потреби на изборна кампања. Па така, во согласност со членот 8-б (1) од Изборниот законик, за потребите на изборната кампања, забрането е користење на канцелариски простор, канцелариска опрема и службени возила на државните органи, освен лицата на кои се однесуваат посебните прописи за заштита на личноста.

Исто така, ставот (2) од овој член предвидува дека во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори за претседател, пратеници во Собранието, градоначалник или членови на советот, јавните фондови, јавните претпријатија и сите други правни лица што располагаат со државен капитал, се должни до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставаат податоци за бројот, видот, регистарската табличка и возната состојба на моторните возила со кои располагаат.

Генерално, како превентивна клаузула е одредбата од членот 8-в од Изборниот законик, според која од денот на донесување на одлуката за распишување на избори, политичките партии учесници во изборниот процес, потпишуваат Кодекс за фер и демократски избори. Со

Кодексот учесниците во изборниот процес недвосмислено се обврзуваат дека нема да вршат никаков притисок или обид за притисок врз вработените во јавната и државната администрација, во други институции или установи финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините и градот Скопје, како и во трговски друштва и претпријатија со државен капитал. Дополнително, со Кодексот учесниците во изборниот процес, исто така, недвосмислено се обврзуваат дека ниедно вработено лице или граѓанин нема да биде предмет на каква било закана по однос на своето вработување и социјална сигурност како резултат на нивното поддржување или неподдржување на која било политичка партија или кандидат.

Од процедурален аспект треба да се истакне членот 12 од Изборниот законик, според кој, актот за распишување на изборите го донесува претседателот на Собранието и со него се определува денот од кога почнуваат да течат роковите за извршување на изборните дејствија и денот на одржувањето на изборите.

Во членот 17 од Изборниот законик, се определуваат органите за спроведување на избори и тоа: 1) Државната изборна комисија, 2) општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје, 3) избирачките одбори и 4) избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија, односно конзуларните канцеларии. Надлежностите на Државната изборна комисија се уредени во членот 31 од Изборниот законик. Во согласност со членот 69-а од Изборниот законик, за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборната кампања, јавно истакнување плакати, видеопрезентации на јавни места, изборно медиумско и интернет-претставување, дистрибуирање печатени

материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми. Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите. Во членот 72 (1) од Изборниот законик, се предвидува дека, за законитоста на спроведувањето на изборната кампања е одговорен учесникот во изборната кампања. Учесникот во изборната кампања е одговорен и за оние дејствија на изборната кампања за кои ќе овласти други лица.

Изборниот законик уредува и посебна постапка во членот 74 за санкционирање поради непостапување, односно постапување спротивно на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик. Имено, во случај на поднесен приговор за непочитување на одредбата од членовите 8-а и 8-б, Државната комисија за спречување на корупција е должна на јавна седница да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од пет дена од денот на поднесувањето на приговорот. Државната комисија за спречување на корупцијата одлучува по приговорите поднесени по овој основ, на јавна седница и своите одлуки во рок од 24 часа ги објавува на својата веб-страница. На седницата може да присуствува и подносителот на приговорот и истиот има право усно да се произнесе. Понатаму, во истиот член 74 став 3 се предвидува дека против одлуката на Државната комисија за спречување на корупција во конкретната ситуација, подносителот на приговорот има право на тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.

# Спречување на корупцијата во политиката во согласност со Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во понатамошниот текст: ЗСКСИ)[15] содржи посебна глава четири со наслов „Спречување на корупција во политиката“ која е директно насочена на незаконски дејствија поврзани со избори, изборни кампањи, финансирање на политички партии и слично. ЗСКСИ во членот 2, под корупција подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Притоа, оваа одредба (член 2 ст. 2) од ЗСКСИ разликува, пасивна корупција[16] и активна корупција[17]. Дополнително, во согласност со ставот (3) од членот 2 од ЗСКСИ, под судир на интереси се подраз-

[15] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019.

[16] Пасивна корупција – намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

[17] Активна корупција – намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

бира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со ЗСКСИ, има својство на правно лице,[18] и е составена од претседател и шест членови[19]. Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува Собранието на Република Северна Македонија за период од пет години, без право на повторен избор.[20]

Генералните надлежности на ДКСК се уредени во членот 17 од ЗСКСИ. Со оглед на карактерот и потребите на ова истражување, ќе се задржиме на надлежностите на ДКСК предвидени со овој закон, а поврзани со изборните и изборниот процес, коишто потенцијално

[18] Член 9(1) од ЗСКСИ.
[19] Член 9(2) од ЗСКСИ.
[20] Член 10(1) од ЗСКСИ.

би биле изразени и со изборна корупција, независно дали се работи за активна или за пасивна корупција. Своите активности и дејствување, покрај со ЗСКСИ, ДКСК ги определува и насочува и со петгодишната национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акционен план за нејзино спроведување.[21] Државната комисија ја подготвува Националната стратегија врз основа на претходно изготвена анализа на ризиците од корупција. Националната стратегија се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување. Државната комисија донесува методологија за изготвување на националната стратегија, пред започнување на процесот на подготовка на националната стратегија. Во согласност со членот 18 од ЗСКСИ, национална стратегија се подготвува со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми.

[21] Член 18 од ЗСКСИ.

Со жалење може да констатираме дека Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021 – 2025[22] година дека содржи само ограничени мерки, цели и приоритети насочени кон изборната корупција, а додека изборната корупција насочена кон студените воопшто не се ни споменува. Мерките кои се вклучени и детектирани, се наведени во делот „Политички систем“. Во овој сегмент се нотира: „... неопходно е прецизно утврдување на правилата во (пред)изборниот процес, финансирањето на политичките кампањи преку онлајн медиуми и обезбедување на заштита од злоупотреба на предизборниот процес за нови вработувања и други манипулации“. Дополнително, во делот „Медиуми и граѓанско општество“ се забележува следното: „Во функција на унапредување на состојбите во сферата на медиумите и спречување на злоупотреби на медиумите во политички цели, потребно е воведување на зајакнат надзор и укинување на платеното политичко рекламирање на партиите во изборните циклуси.“ Во таа насока, Националната стратегија во сектор 5.1 го детектира конкретниот проблем 6 кој гласи: „Не постои механизам, ниту орган за ефикасно следење на медиумско претставување на учесниците во изборната кампања преку интернет-порталите“ при што за решавање на оваа состојба Стратегијата во овој дел ја предвидува мерката која гласи „Надоместокот за рекламирање на интернет-порталите да биде на товар на Буџетот на РСМ“.

Во ЗСКСИ, неколку одредби се директно релевантни и се однесуваат на политичките партии, односно на политичките активности. Во основа се работи за одредбите содржани во главата четири од ЗСКСИ со наслов „Спречување на корупција во политиката“. Се работи за низа на одредби кои вклучуваат:

[22] https://dksk.mk/mk/%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0-2020-2024-2/

- Следење на законитост на финансирање на политичките партии (член 31);
- Следење на законитост на финансирање на изборни кампањи (член 32);
- Контрола на злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори (член 33);
- Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати (член 34);
- Забрана за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори (член 35);
- Поткупување на избирачите (член 37);
- Привилегирање или дискриминација во јавните набавки и други договори (член 38) и
- Влијание при избор, именувања и разрешување на раководни места (член 39).

Па така, во членот 31 од ЗСКСИ се уредува следењето на законитоста на финансирањето на политичките партии. Одредбата од ставот (1) од членот 31, предвидува дека во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на политичка партија, Државната комисија по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување може да донесе решение за отпочнување постапка за испитување на финансирањето на политичка партија. Дополнително, во истата одредба се наведени и процедуралните дејствија кои може да ги преземе ДКСК при постапувањето.

Членот 32 од ЗСКСИ дава мандат на ДКСК да постапува во случај на

постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања, по сопствена иницијатива или по приговор од организатор на изборна кампања или акредитирани набљудувачи поведува постапка за утврдување на фактичката состојба.

Во согласност со членот 33, ДКСК е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите. Во случај на постоење на сомневање за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од ЗСКСИ, кои регулираат забрането постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите, ДКСК по сопствена иницијатива или по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, отвора постапка за утврдување на фактичката состојба. Во согласност со одредбата, како последица на утврдувањето на основаноста на сомневањата, ДКСК е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Северна Македонија, пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и изборот на Владата на Република Северна Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, во согласност со членот 34 се предвидени низа

ограничувања во поглед на нови инвестиции и вонредни исплати.

Забрана за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори се уредува во членот 35 од ЗСКСИ, каде што се содржи и забраната според која, политичка партија или кандидат на изборите не смеат да прибираат и користат средства противправно или од анонимни извори. Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користеле средства противправно или од анонимни извори, ДКСК ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на изворот на средства и до неа да доставaт детален извештај за користењето на средствата. Проверката на приливот на средствата или други уплати преку банка, по барање на Државната комисија, не претставува повреда на банкарска тајна. Доколку се утврди дека сомневањата се основани, Државната комисија во рок од седум дена од денот на утврдување на основаноста на сомневањата, иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

Постапувањето при поткуп на избирачи е уредено во членот 37 од ЗСКСИ каде се предвидува дека доколку ДКСК дознае или има основи за сомневање за поткуп при избори и гласање, односно за давањето или ветувањето подарок или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа или да гласа за определен кандидат или определена одлука, за тоа без одлагање писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител. Во главата четири од ЗСКСИ, иако не директно поврзани со изборите, но поврзани со политиката се и овластувањата на ДКСК да постапува при привилегирање или дискриминација во јавните набавки и други договори (член 38 од ЗСКСИ) како и при влијание на избор, именувања и разрешување на раководни места (член 39 од ЗСКСИ).

# Финансиските погодности кон студентите и нивниот законски третман

## Субвенциониран студентски оброк

Законот за субвенциониран студентски оброк[23] (во понатамошниот текст: ЗССО) е релативно нов законски пропис од 2020 година, со која се уредува и воспоставува посебно право на студентите, односно правото на субвенциониран студентски оброк. Под „субвенциониран студентски оброк“ се подразбира финансиска поддршка во износ од 140 денари, што студентот ја добива од Министерството за образование и наука за купување приготвена храна. Износот на субвенциониран студентски оброк се усогласува во согласност со инфлациската стапка после секоја фискална година, а пред донесување на републичкиот Буџет за следната година.[24] Постапката за добивање на правото на субвенциониран студентски оброк е уредена во членот 3-в од ЗССО. Имено постапката започнува со јавен повик за избор на носител на платен промет преку кој се врши исплата на финансиските средства на студентите, а ја спроведува

[23] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и150/21 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 91/23 и 30/24.

[24] Член 2(1) 1) од ЗССО.

Министерството за образование и наука. Субвенционирањето на студентскиот оброк се врши од средствата од Буџетот на Република Северна Македонија кои се користат само за таа намена.[25] Корисници на субвенциониран студентски оброк се редовни студенти на додипломски студии на државните и приватните универзитети, државјани на Република Северна Македонија, кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 9 од ЗССО.

## Организирано студентско сместување и студентски стипендии

Основен закон со кој се уредуваат правата на студентите од финансиска природа кои ги обезбедува државата е Законот за студентски стандард[26] (во понатамошниот текст: ЗСС). Со овој закон, се уредува дејноста студентски стандард, основањето, организацијата, функционирањето и управувањето во установите за студентскиот стандард како дел од системот на образованието и стипендирањето на студентите.

[25] Член 8 од ЗССО.
[26] „Службен весник на Република Македонија" број 15/13, 30/13,120/13, 41/14, 146/15, 30/16, 178/16, 64/18, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19 и 248/20 и 302/20.

Дејноста студентски стандард што се остварува во студентските домови е од јавен интерес.[27] Секој редовен студент, под еднакви услови утврдени со ЗСС, има право да престојува во студентски дом.[28]

Во поглед на политичко делување и општествена активност треба да се истакне дека во согласност со членот 5 од ЗСС, во студентскиот дом е забрането верско образование, како и политичко и верско организирање и дејствување, а исто така се забранува истакнување на партиски и верски обележја. Во поглед на организацијата на

[27] Член 3 од ЗСС.
[28] Член 4 од ЗСС.

државните студентски домови, во согласност со со член 10 ст. 1 од ЗСС, студентски дом е установа која на студентите им обезбедува сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности. Законот дозволува и организирање и основање на приватни студентски домови.[29] Работата во студентските домови во текот на студиската година се утврдува со годишна програма.[30]

Право на сместување и исхрана во државните студентски домови имаат студентите кои се школуваат надвор од местото на живеење.[31] Запишувањето и приемот во државните студентски домови се врши по пат на конкурс кој го објавува Министерството за образование и наука, во средствата за јавно информирање најдоцна до 15 јули.[32] Законот во членот 24 исто така ги предвидува и посебните услови и критериуми за бодирање на пријавените студенти. При бодирање на посебни категории студенти, кои добиваат посебна социјална заштита, се применува и членот 25 од Законот.

Студентите примени во студентските домови, своите права и обврски ги уредуваат со договор кој го склучуваат со студентскиот дом.[33] Во поглед на организацијата на студентскиот дом, треба да се истакне дека орган на управување во државниот студентски дом е управниот одбор.[34] Управниот одбор на државниот студентски дом е составен од седум члена, и тоа: тројца претставници од основачот, двајца од редот на вработените во студентскиот дом, еден претставник од редот на студентите, станари во државен студентски дом и еден претставник од универзитетот каде што студентскиот дом е придружна членка, а врз принципите на стручност и компетентност. Директорот е раководен орган на студентскиот дом и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на студентскиот дом.[35]

[29] Член 10(2) од ЗСС.
[30] Член 23 од ЗСС.
[31] Член 24(1) од ЗСС.
[32] Член 24(2) од ЗСС.
[33] Член 26(2) од ЗСС.
[34] Член 34(1) од ЗСС.
[35] Член 37(1) од ЗСС.

Средства за финансирање на државните студентски домови се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија во согласност со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, како и од корисниците на услуги.[36] Студентските домови можат да стекнуваат средства и од: партиципација на корисниците на услуги, продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на дополнителна дејност и легати, донации, завештанија и други извори.[37]

Друг модалитет на финансиска насоченост кон студентите, уреден со ЗСС се студентските стипендии. Имено, во согласност со член 48 од ЗСС, со цел за откривање, стимулирање и негување на надарени студенти од различни области на науката, техниката, културата, уметноста и спортот, Министерството за образование и наука доделува стипендии на студентите. Основните критериуми се уредени со членот 48 ст. 2 од Законот. Постапката за доделување на студентски стипендии на студенти кои студираат во Република Северна Македонија се врши врз основа на конкурс кој го објавува Министерството, и се спроведува во согласност со со членот 49 од Законот. Во согласност со членот 50 од ЗСС, корисници на студентски стипендии можат да бидат редовни студенти, државјани на Република Северна Македонија, доколку ги исполнуваат условите и критериумите во согласност со овој закон. Истовремено, треба да се истакне и дека во согласност со членот 51 од ЗСС, Министерството може да доделува стипендии на странски државјани во согласност со одлука на Владата, доколку доделувањето на стипендијата е од интерес за Републиката.

[36] Член 45 од ЗСС.
[37] Член 47 од ЗСС.

## Надлежности на просветната инспекција при изложеност на студенти на акти на изборна корупција

Во поглед на постапување и надзор, посебна улога има и просветната инспекција. Во таа смисла инспекцијата, има и посебна улога и значење на заштитата на студентите и остварувањето на нивните права. Ова секако треба да се огледа и во однос на различните аспекти на изложеност на студентите на изборна корупција. Во согласност со член 2 ст. 3 од Законот за просветна инспекција[38] (во понатамошниот текст: ЗПИ), во високообразовните и во научните установи инспекциски надзор се врши над примената на законите со кои се уредува високообразовната и научната дејност, за прашања утврдени со ЗПИ. Оваа одредба е особено важна во поглед на поставеноста на високото образование, како и во поглед на автономијата на високообразовните установи во согласност со ЗВО. Исто така, инспекциски надзор се врши и над извршувањето на законите, другите прописи и акти со кои се уредуваат студентските домови.

[38] „Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08,148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15,30/16 и 64/18.

Во постапката при вршење на инспекцискиот надзор се применуваат одредбите од Законот за просветна инспекција, а за работи кои не се уредени со овој закон, се применуваат и Законот за инспекцискиот надзор и Законот за општата управна постапка.

Во однос на организационата поставеност, Државниот просветен инспекторат има својство на правно лице, сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување во согласност со закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.[39]

Во согласност со членот 19 од ЗПИ, Државниот просветен инспектор надзорот го врши преку: 1) интегрална евалуација на воспитно-образовните установи, 2) редовен инспекциски надзор, 3) вонреден надзор и 4) контролен надзор. Конкретната надлежност на Државниот просветен инспекторат како и мерките што може да ги презема се уредени во членот 29 од Законот.

[39] Член 3.

## Третманот на погодностите и привилегиите насочени кон студентите во изборните програми на политичките партии од парламентарните избори 2024 година

За потребите за оваа анализа беа анализирани програми на шест политички партии и коалиции кои настапија на парламентарните избори во 2024 година, а чии програми се јавно достапни. Притоа анализата ги вклучи програмите на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата, СДСМ и коалицијата, политичката партија ЗНАМ, коалицијата ВРЕДИ, коалицијата Европски фронт и политичката партија Левица. Целта на оваа анализа на програмите на политичките партии е да се увиди на кој начин политичките партии учесници на парламентарните избори 2024 година се обраќаат кон студентската популација, преку политиките и мерките вклучени во нивните програми.

Програмата на политичката партија ВМРО ДПМНЕ и нејзината коалиција е најобемна во предвидените мерки насочени кон студентите. Во основа дел од мерките се насочени кон подобрување на квалитетот на високото образование, а директни корисници се високообразовните установи, дел се остваруваат преку државните институции, а дел од мерките кои имаат финансиски елемент се насочени директно кон студентите. Од мерките кои се насочени директно кон студентите се забележуваат следните мерки: студентски стипендии (50 милиони евра за студентски и средношколски стипендии), модернизирање на студентските домови, воведување на програма интерн.мк за практикантство во одредени министерства (МНР), вработување на најдобрите студенти во одредени целни институции (МНР, безбедносни агенции), загарантирана понуда за работа на најдобрите 500 студенти од јавните универзитети, подобрување на студентскиот оброк, намалување на партиципации на одредени студиски програми и слично. Од мерките кои сами по себе не значат

директно финансиско трансферирање кон студентите се истакнуваат мерките: обуки за ИТ вештини, креирање и пристап до база на македонски научни списанија, воведување на е-библиотеки, отворање нови кариерни центри во рамки на државните Универзитети.

СДСМ и коалицијата исто така вклучуваат мерки кои се финансиски директно насочени кон студентите, како што се: бесплатни студии во државна квота за сите студенти запишани на Градежниот факултет (сите програмски студии) и за студенти запишани на Архитектонскиот факултет, субвенции за меѓуопштински автобуски превоз за студенти, зголемување за 40 % на студентските стипендии за студенти од областа на земјоделските, шумарските и ветеринарните науки на јавните високообразовни установи во висина од 18 000 денари на 25 000 денари за период од 9 месеци во годината, почнувајќи од 2025 година, и гарантирано вработување на сите дипломирани студенти, задолжителна платена пракса за студентите од Факултетот за туризам за време на летната сезона, загарантирано вработување во министерствата и општините на дипломците со освоени награди, меѓународни и домашни признанија, остварена практика во текот на студирањето, нивни учества на конференции, семинари и слично, зголемување на износот на студентски оброк на најмалку 200 денари, а дел од мерките се насочени кон студентите преку високообразовните установи како што се: развој на софтвер „Младинска работа – E-youth job“ по модел на словенскиот „Економската стабилност и независност на младите, зголемување на квотата за студенти на јавните високообразовни институции, конкретно, удвојување на квотите на Медицинските факултети, на Стоматолошките факултети и на Фармацевтските факултети, поттикнување на интересот кај студентите за запишување на наставните факултети, и слично.

Политичка партија ЗНАМ, има вклучено ограничен број мерки насочени кон студентите, пред сѐ

од финансиска природа и тоа: стипендии во износ од 500 евра месечно, и обезбедено вработување на најдобрите 200 студенти во научните и во институциите на системот.

Коалиција ВРЕДИ, своите мерки ги насочува кон студиските програми на педагошките факултети и студентите кои студираат на овие факултети и формирање на заеднички совет на албанските универзитети. Дополнително, мерки се насочени и кон трите јавни универзитети кои ќе бидат охрабрени да се специјализираат во пошироки, но различни области пред сè во инженерските науки, општествените и хуманистичките науки, како и медицината и социјалните услуги.

Во програмата на коалиција Европски фронт предводена од ДУИ не се содржани конкретни мерки упатени директно кон студентите, туку фокусот е ставен на општи мерки како што се: зголемување на буџетот за образование над 4,5 % од БДП, зголемување на буџетот за наука над 1,5 % од БДП, подобрување на квалитетот во образованието и меѓународни тестирања, дигитализација на наставниот процес и слично.

Политичка партија Левица во својата програма вклучува два вида мерки, и тоа мерки насочени кон подобрување на високото образование преку универзитетите како што се: воведување на Е-индекс, Е-учебник, државно спонзорирање на студентски спортски лиги, обезбедување квалитетни и бесплатни учебници, прирачници и работен материјал, намалување на бројот на државни универзитети на четири (Скопје – УКИМ; Битола – УКЛО, Штип – УГД и Тетово – ДУТ), укинување на дисперзираните студии на сите фа¬култети, повторно воведување приемни испити на факул¬тетите, воведување на т.н. врзани предмети на сите фа¬култети, воведување универзитетски печатници за печа¬тење бесплатна високошколска учебникарска лите¬ратура во големи тиражи, зголемување на книжниот фонд преку преводи на стручна литература, првенствено од *неанглиско јазично*

*подрачје*, дигитализација на сите високошколски учебници, скрипти и практикуми – по принципот „отворен пристап“ (*Е-репозиториум*), право на преполагање испит, заради повисок про¬сек, во текот на целиот период на студиите, измена во начинот на доделување стипендии за последипломски и докторски студии во странство (втор и трет циклус) – истите да се доделуваат само за дефицитарни области и специјализации кои ги нема на универзитетите во државата или на кандида¬ти кои се усовршуваат за работното место, со обврска за враќање во државата, осмислувањето на нов систем на сту-дентска репрезентација во високообразовните инсти¬туции. Следната група мерки, се мерки директно насочени кон студентите кои може да имаат и финансиски карактер: бесплатен превоз, попусти за студенти при полагање возачки испит и бесплатно полагање на возачкиот испит за најдобрите студенти на генерација, зголемување на сумата која се исплаќа на име суб¬венциониран студентски оброк, воведување нови категории на стипендии и зголемување на постојните, воведување бескаматни студентски кредити, 24-часовно работно време на универзитетски и факултетски читални, редовно снабдување со најсовремена стручна литература (во печатена и електронска форма), реновирање на сите интернати и студентски домови и изградба на нови, воведување на бесплатно високо образование, субвенционирање на минимум социјални и културни активности, право на платени постдипломски и докторски сту¬дии за студентите со висок просек од до¬дипломските студии, гарантирано вработување во јавниот сектор на 10-те најдобри студенти од секој факултет, право на платена пракса на сите студенти во јавни¬от и приватниот сектор и слично.

# Анализа на податоците добиени од анкета

За потребите на овој извештај беше спроведена и анкета во електронска и печатена форма со цел добивање изворни информации по однос на перцепцијата на студентите во однос на нивната изложеност на изборна корупција. Анкетата се спроведе во периодот од 1.6.2024 година до 15.7.2024 година при што беа добиени 218 одговори. Форматот на анкетата беше прилагоден на кратката временска рамка на спроведување на проектот, а добиените одговори се од индикативна природа.

На првото воведно прашање „Дали сте биле лично изложени на ситуација кога остварување на некое Ваше право во високо образование е условено со барање да се гласа за одредена политичка партија/кандидати на избори?" кое всушност и се обидува директно да обезбеди информации од студентската популација за личната изложеност кон изборна корупција, односно врзување на остварување на некое студентско право со гласање за одредена политичка партија, 82,6 % од испитаниците изјавиле дека немаат доживеано такво лично искуство, додека 17,4 % од испитаниците изјавиле дека доживеале такво искуство. Во таа насока, прашувајќи ги испитаниците дали имаат информации за примери на таква изложеност од други студенти, 23,4 % од испитаниците изјавиле дека знаат за такви примери од своето непосредно опкружување, а дури 61,5 % изјавиле дека имаат слушнато за такви примери од други лица.

Дали сте биле лично изложени на ситуација кога остварување на некое ваше право во високо образование е условено со барање да с...дена политичка партија/кандидати на избори?
218 responses




Дали имате информации дека врз студенти се вршел притисок со условување на остварување на правото во високо образовани...дена политичка партија/кандидати на избори?
218 responses




На третото прашање („Според вас, каде сметате дека постои најголем ризик за изборна корупција насочена кон студентите?“) кое се обиде да го детектира изворот на изборна корупција, се забележува дека според ставовите на испитаниците, најголем извор на потенцијална изборна корупција е студентското сместување и студентските домови со 35,8 % од одговорите на испитаниците, по што следуваат студентскиот субвенциониран оброк (25,7 %) и државните студентски стипендии (17,4 %).

Според вас, каде сметате дека постои најголем ризик за изборна корупција насочена кон студентите?
218 responses




Покрај тоа, на следното прашање („Според Вас, дали имало ситуации кога одредени финансиски субвенции и привилегии кои им припаѓаат на студентите (стипендии, студентски оброк и слично) се користени/доделувани пред избори со намера за влијание кон студентите?“) 46,3 % од испитаниците одговориле дека имало ситуации кога одредени финансиски субвенции и привилегии кои им припаѓаат на студентите (стипендии, студентски оброк и слично) се користени/доделувани пред избори со намера за влијание кон студентите.

Според вас, дали имало ситуации кога одредени финансиски субвенции и привилегии кои им припаѓаат на студентите (стипендии, студен... избори со намера за влијание кон студентите?
218 responses



Високи 47,2% одговориле позитивно на прашањето „Дали на Вашата одлука за која политичка партија/кандидат ќе гласате имаат влијание различните погодности и привилегии насочени кон студентите?“.

Според вас, дали на вашата одлука за која политичка партија / кандидат ќе гласате имаат влијание различните погодности и привилегии насочени кон студентите?

218 responses




Да
Не

Изненадувачки 46,3 % од испитаниците одговориле дека биле изложени на изборна корупција од страна на претставници на студентските организации.

Дали сте биле изложени на изборна корупција од страна на претставници на студентските организации на вашиот факултет?

218 responses




да
не, ама знам такви примери од други студенти
не, и немам информации за примери од други студенти

Анкетата содржеше и низа прашања кои имаа за цел да утврдат дали и колку студентите се запознаени со механизмите за пријавување на изборна корупција, какви се нивните очекувања од постапките по пријавените случаи и во кои институции би пријавиле изборна корупција.

На директното прашање "Дали знаете каде да поднесете пријава во случај кога би се соочиле со изборна корупција?" 66.1% од испитаниците не знаат каде да пријават изборна корупција насочена кон студентите.




Исто така висок процент од 59,2 % од испитаниците изјавиле дека не постојат доволно функционални механизми за заштита на студентите од изложеност од изборна корупција.



Од друга страна, мнозинството на испитаници, односно 50,9 % изјавиле дека би пријавиле изборна корупција насочена кон студентите што е оптимистичко, со оглед дека од друга страна мнозинството испитаници сметаат дека не постојат доволно функционални механизми за заштита на студентите.

Дали би пријавиле доколку се соочите со случаи на изборна корупција насочена кон студенти?

218 responses




Според вас, дали постојат доволно функционални механизми за заштита на студентите од изложеност од изборна корупција?

218 responses



Дали знаете каде да поднесете пријава во случај кога би се соочиле со изборна корупција?
218 responses




На прашањето „Доколку пријавувате, каде би пријавиле?", најголем дел од испитаниците одговориле дека би пријавиле во Државната комисија за спречување на корупција (25,8 %), кај студентскиот правобранител или студентската организација (21,2 %), па понатаму во спротивната политичка партија (20,7 %).

Дали доколку пријавувате, би пријавиле кај:
217 responses



# Заклучоци

Врз основа на спроведеното истражување, беа утврдени следниве заклучоци:

- Со оглед на големиот број студенти, на национално ниво отсуствуваат посебни мерки и механизми за заштита на студентите од изложеност на изборна корупција.
- Ниту во Изборниот законик ниту во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите (а особено глава четири) не се содржани посебни мерки за заштита на студентите за време на избори (иако одделни генерални правила се содржани кои ограничуваат влијание преку различни исплати од изборен период).
- Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021 – 2025 година не вклучува посебни мерки кои се насочени кон спречување на изборна корупција насочена кон студентите.
- Во основа политичките партии своите програми во значаен дел ги насочуваат кон студентите со предвидување на низа мерки, кои во најголем дел имаат финансиски карактер.
- Податоците од анкетата покажаа низа состојби кои може да се земат предвид за подобрување на состојбите:
    - Во согласност со испитаниците најголем извор на потенцијална изборна корупција е студентското сместување и студентските домови, по што следат студентскиот субвенциониран оброк и државните студентски стипендии и
    - Иако поголемиот дел од испитаниците не знаат каде да пријават изборна корупција и немаат доверба дека соодветно ќе се постапи, сепак би се решиле да пријават изборна корупција.

# Препораки

- Вклучување мерки како по обем, така и по содржина кои се однесуваат на спречување изложеност на изборна корупцијата на студентите во следната национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси.
- Прецизирање на законските одредби во Изборен законик и во Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси со мерки и механизми за заштита на студентите.
- Воведување контролни механизми во студентските домови при распределба на студентско сместување и поделба на студентски оброк со ад хок карактер за време на изборни години.
- Спроведување едукативни активности во насока на запознавање на студентите за начините за пријавување на изборна корупција и механизмите кои им стојат на располагање за заштита на правата на студентите.
- Зајакнување на капацитетите на ниво на високообразовни установи и студентски организирани облици на делување за заштита на студентите од изложеност на изборна корупција.

# Прилог 1 – Анкетен прашалник

1. Дали сте биле лично изложени на ситуација кога остварување на некое Ваше право во високо образование е условено со барање да се гласа за одредена политичка партија/кандидати на избори?

- Да
- Не

2. Дали имате информации дека врз студенти се вршел притисок со условување на остварување на правото во високо образование со гласање за одредена политичка партија/кандидати на избори?

- да, имам такви примери од непосредно окружување
- имам слушнато за такви примери од други лица
- не

3. Според Вас, каде сметате дека постои најголем ризик за изборна корупција насочена кон студентите?

- во рамки на факултетот преку позитивни оцени и други привилегии
- во рамки на организираното студентско сместување и студентските домови
- преку државните студентски стипендии
- преку мерки за поддршка на студенти како што е студентски субвенциониран оброк
- друго

4. Според Вас, дали имало ситуации кога одредени финансиски субвенции и привилегии кои им припаѓаат на студентите (стипендии, студентски оброк и слично) се користени/доделувани пред избори со намера за влијание кон студентите?

- Да
- Не

**5.** Според Вас, дали на Вашата одлука за која политичка партија/кандидат ќе гласате имаат влијание различните погодности и привилегии насочени кон студентите?

- Да
- Не

**6.** Дали сте биле изложени на изборна корупција од страна на претставници на студентските организации на Вашиот факултет?

- Да
- не, ама знам такви примери од други студенти
- не, и немам информации за примери од други студенти

**7.** Дали знаете каде да поднесете пријава во случај кога би се соочиле со изборна корупција?

- Да
- Не

**8.** Според Вас, дали постојат доволно функционални механизми за заштита на студентите од изложеност од изборна корупција?

- Да
- Не

**9.** Дали би пријавиле доколку се соочите со случаи на изборна корупција насочена кон студенти?

- Да
- Не

**10.** Дали доколку пријавувате, би пријавиле кај:

- надлежното министерство и високообразовна установа
- Државната изборна комисија
- Државна комисија за спречување на корупција
- спротивната политичка партија
- странска меѓународна организација и/или друг странски ентитет.